Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 25 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21), член 1 и 2 од Одлуката за преземање на основачките права над постојните основни училишта во општина Богданци и правото на сопственост на објектите („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/09) и дописот од МОН под бр. 09-4875/1 од 25.03.2025 година, Советот на Општина Богданци на седница одржана на ден 25.03.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за продолжување на воспитно-образовниот процес на ООУ „Петар Мусев“-Богданци во објектот на СОУ „Богданци“-Богданци

**Член 1**

Поради безбедноста на учениците и вработените во ООУ „Петар Мусев“-Богданци, а согласно извештајот од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија-ИЗИИС-Скопје од теренските мерења и контрола на носивост на кровната плоча на ООУ „Петар Мусев“-Богданци со бр. 08-588/1 од 10.03.2025 година и планираните активностите кои треба да се превземат за санација на кровот на училиштето, воспитно-образовниот процес на ООУ „Петар Мусев“-Богданци кој на ден 25.03.2025 година беше прекинат, се продолжува од 26.03.2025 година во објектот на СОУ „Богданци“-Богданци.

**Член 2**

Воспитно образовниот процес на ООУ „Петар Мусев“-Богданци привремено ќе се одвива во објектот на СОУ „Богданци“-Богданци и тоа во втора смена која ќе започнува со работа од 14.00 часот.

**Член 3**

Воспитно образовниот процес на ООУ „Петар Мусев“-Богданци ќе се одвива во објектот на СОУ „Богданци“-Богданци, се до завршување на градежните работи во врска со кровната конструкција на објектот на ООУ „Петар Мусев“-Богданци.

**Член 4**

Се задолжуваат Директорите на СОУ „Богданци“-Богданци и ООУ „Петар Мусев“-Богданци да ги превземат сите потребни дејствија за ставање во функција на објектот на СОУ „Богданци“-Богданци за работење во смени и тоа прва смена СОУ „Богданци“-Богданци и втора смена ООУ „Петар Мусев“-Богданци.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Богданци“.

**Бр.08 -561/2**
**25.03.2025 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Совет на Општина Богданци**
**Борис Ванчев**